ИНСТИТУТ ЗА ФИЛОЗОФИЈА

**УДК: 17:821.163/4-145**
**821.163.3/.4-145:17**

Кирил ТЕМКОВ

# ЕТИЧКИТЕ И АКСИОЛОШКИТЕ ИДЕИ ВО ФИЛОСОФСКАТА ПОЕЗИЈА НА ПАВАО ВУК-ПАВЛОВИЌ

Во текот на долгите години на философска, наставничка и творечка дејност д-р Павао Вук-Павловиќ (1894-1976) ја задолжи философијата и културата со значајни придонеси. Ретко кој во неговата генерација, па дури и подоцна, достигнал толку високо ниво на философско мислење. Тој изгради целосен философски систем, во којшто принципот и целината на мислењето се конзистентно спроведени во сите области, што Вук-Павловиќ го истакна меѓу ретките мислители со таков квалитет и такви дострели во југоисточна Европа. Неговиот стил и философскиот настап имаат сјај на маестралност.

Генерации студенти на загрепскиот и на скопскиот Универзитет, многу философски истражувачи и педагози во Хрватска и во Македонија го сметаат Вук-Павловиќ за свој вистински учител, не само во професионална и идејна, туку и во човечка смисла. Тој беше велик мислител и предавач, брилијантен познавач на мислите на философите, на животните и на духовните нешта воопшто, јасен и доследен застапник на најдобрите работи. Во философирањето беше современ не како следбеник на модата, туку како откривач на патиштата. Беше класичен во застапувањето на големите хуманистички вредности, а истовремено имаше слух за модерните теми и дилеми. Решенијата ги наоѓаше на вртоците на срцето и на начин кој нема да ги повредува животот и човечката супстанција, туку нив ќе ги унапредува. Вук-Павловиќ понуди одговори за мноштво актуални теми – го изложи својот став за прашањата на сознанието, на постоењето, на методите на зафаќањето на стварноста, на човекувањето, на социјалните односи, на сфаќањето на историјата и

на политиката, на творештвото, на културата, на традицијата, на естетиката и на уметничкото дело, на верата и надежите. Како философ го почитуваше начелото на Љубовта и ја унапреди историјата на философијата со своите трудови за посебно значајните мислители, кои исходеа од овој принцип, како што се Плотин, Ориген, Анселмо Кентербериски, Спиноза, Русо, неговиот учител Ѓуро Арнолд. Имаше автентичен поглед за неопходноста, за потребата и благоугодноста на истражувањето на националната философска традиција и кон тоа ги насочуваше младите колеги, создавајќи врз тие темели Скопска философска школа, додека во периодот 1958-1971 беше професор и шеф на Катедрата за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. Придонесот на Павао Вук-Павловиќ за развитокот на плуралистичката доктрина, како и на философијата на воспитувањето, е непроценлив од становиштето и на нашиот развиток и на натамошниот пат на човештвото. Некои сознанија и достигања на Вук-Павловиќ дури денес се актуални, а се откриваат скапоцени во хоризонтот на подалечната иднина, всушност онака како што педагогот и философот живеат за свет далеку зад рамките на денешницата, со оглед на вечноста, и тоа разбрани не со поглед station наназад, туку со перспектива нанапред.

Истражувањето на делото на Вук-Павловиќ е интересно и денес, а заради актуалноста ќе биде уште поважно во иднината. Неговите идеи живеат затоа што се свртени кон вистинските прашања на живеењето и полни се со животност. Во новата светска ера на етиката, мислите на Вук-Павловиќ поттикнуваат на размислување и даваат вредни одговори, а со своите основни ставови и деликатни насочувања можат да помогнат во бараното градење на Универзалната етика, која нашиот професор ја пофалуваше и предлагаше да се прави уште во далечните години, кога светот ја беше отфрлил сета етика, а само ретките мислители укажуваа на значењето на општото човекување. Дисертациите, кои денес се прават за погледите на Вук-Павловиќ, ја покажуваат актуалноста на неговите позиции и претставуваат вруток на инспирации за размислување за разни

прашања и за смислата и начините на дејствување во разни области.[1] За младите, професорот Вук-Павловиќ беше мил заштитник и покажувач на патиштата и мнозина се нарекуваат негови ученици, не само во формална, туку во животна и духовна смисла. Нашиот професор е присутен и денеска со истата сила на влијание, зашто нема подобар инструктор за философските димензии на живеењето од неговите дела и за наставничката дејност од образецот на неговите наставнички намери и неговата педагошка волја.

Павао Вук-Павловиќ дојде за наставник во Скопје во 1958 година. Дотогаш веќе имаше достигнато углед на европски философ со своите оригинални истражувања и пристапи во теоријата на познанието и педагогијата, политиката и антропологијата. Неговите книги „Сознанието и теоријата на сознанието“[2], „Личноста и воспитувањето“[3] и „Учењето на Спиноза“[4] можеа да бидат национална духовна гордост во секоја земја на светот. Пред Втората светска војна и малку по неа беше сакан професор на Философскиот факултет во Загреб. Настапите на Вук-Павловиќ на интернационалните философски конгреси беа забележани и за нив се зборуваше и пишуваше. Но, во текот на Втората светска војна дојде до првата, а по војната и до втората идеолошка пресметка со великиот философ. Тој голем хуманист не им беше потребен на оние кои настапуваа со знамињата на насилството и со идејата за негирање на луѓето. Тие бараа отстапки и сакаа да ја избришат големата личност на Вук-Павловиќ, што тој не го дозволи, отфрлајќи да биде понижена автономијата на философската катедра и на философскиот збор, како што покажува неговата позната етичка реч по тој повод: „Не можете да му

[1] Два академски труда се изработени кај нас за неговите погледи: *Практичната философија на Павао Вук-Павловиќ* од Радомир Виденовиќ, докторска дисертација, Философски факултет, Скопје, 1998 (ментор д-р Кирил Темков), и *Философијата на образованието на Павао Вук-Павловиќ* од Драгор Заревски, магистерски труд, Философски факултет, Скопје, 2001 (ментор д-р Кирил Темков).

[2] Pavao Vuk-Pavlović, *Spoznaja i spoznajna teorija*, Zagreb, 1926.

[3] Pavao Vuk-Pavlović, *Ličnost i odgoj*, Zagreb, 1932.

[4] Pavao Vuk-Pavlović, *Spinozina nauka*, Zagreb, 1938.

заповедате на еден Вук-Павловиќ". Отиде во пензија, но и натаму правеше философски истражувања и лични подготовки за следната фаза на творештвото. Нова шанса му даде катедрата за Етика и Естетика на Филозофскиот факултет во Скопје, која му е понудена со чест. Далечната средина го прими со љубов великиот професор на Љубовта. Тој одговори со фасцинантни предавачки резултати, важни истражувачки насочувања и со значајни дела. Широкостраните интересирања на Вук-Павловиќ се дополнети со делото „Философиите и световите"[5], во кое ја изложи својата оригинална плуралистичка теорија, која е еден од најзначајните дострели на човечкиот дух во XX век. Тогаш оваа високо-културно образована личност, која тргна да студира философија за да ја истражува естетиката, со автентично разбирање за суштината на уметничкото творештво и на уметничкото дело, напиша труд „Уметноста и музејската естетика"[6], една од блескавите пројави на новиот естетичко-културолошки ум, кој ја открива смислата на творењето и не сака да биде заробеник на модата. Во Скопје, покрај историскофилософски, педагошки, културолошки и други творби, Вук-Павловиќ го заокружи и создавањето на својата естетика – која интегрално е опфатена во книгата „Душевноста и уметноста".[7] Неговата естетика е единствената валидна и продуктивна естетичка теорија создадена во модерната епоха на европскиот Југоисток, а израсната во рамките на еден оригинален философски систем.

Во Скопје, во рамките на своето наставничко дејствување, Вук-Павловиќ основа Естетичка лабораторијата, како продолжение на своите студентски сознанија во Лајпциг, кај професорот Јоханес Фолкелт, и на постдокторантските естетичко-педагошки истражувања во Берлин,

---

[5] Pavao Vuk-Pavlović, *Filosofije i svijetovi*, Скопје, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 14, 1962.

[6] Pavao Vuk-Pavlović, *Umjetnost i muzejska estetika*, Скопје, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 15, 1963.

[7] Pavao Vuk-Pavlović, *Duševnost i umjetnost*, Zagreb, Sveučilišna naklada Liber, 1976; речиси сите делови од оваа книга првично се објавени во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје во 1963, 1968 и 1970 година, како и во скопските културни списанија.

кои резултираа со посебна студија за естетичкото воспитување. Естетичката лабораторија продолжија да ја развиваат студентите и ученици на Вук-Павловиќ врз основа на неговите идеи и истражувачки духовни и материјални претпоставки, коишто самиот професор ги има создадено во текот на својата работа. Естетичката лабораторија едно време стана бележита културна институција во Скопје, инспирираше многу форми на уметничката и културната дејност и поттикнуваше истражувачи и творци на нивни духовен самопрегор. Откако ја водев Естетичката лабораторија (1971-1994) и со своите помлади колеги постигнав интересни резултати и сознанија во естетичката, етичката и педагошката област, па врз идејните основи на Вук-Павловиќ основавме и водевме различни културни дејности, од кои некои траат и денес, како што се Отворениот театарски универзитет, Театарската работилница на Филозофскиот факултет, Деновите на културата на младите, познатите фестивали Млад отворен театар и Скопско културно лето – како главен уредник на Културната агенција „Метафорум-Епоха", по повод 100-годишнината од раѓањето на Вук-Павловиќ, покренав едиција „Естетичка лабораторија", која е посветена на професорот Вук-Павловиќ, а во која досега, по книгата од негови трудови „Творештвото и музејската естетика"[8], која е воедно прва целосна книга на Вук-Павловиќ објавена на македонски јазик, се издадени уште 15-тина вредни естетички и културолошки дела, неколку од нив напишани токму врз основите на погледите на Вук-Павловиќ и на теоретските претпоставки на Естетичката лабораторија.

Така, во заокружена целост може да се согледа духовната дејност на еден голем мислител, кого го почитуваат и во неговата родна земја, Хрватска и во земјата на неговиот долг наставнички престој, Македонија, во коишто неговото влијание е значајно и непрестајно расте, иако минуваат годините. Неговиот систем го студираат студентите, а сè повеќе научници ги истражуваат неговите погледи, инспирирајќи се со неговите идеи.

---

[8] Павао Вук-Павловиќ, *Творештвото и музејската естетика*, избор и превод Кирил Темков, Скопје, Метафорум (Епоха), 1994 (ед. Естетичка лабораторија бр. 1).

Во новите времиња на етичката преродба, сепак, недостасува еден дел од неговиот философски систем, за кој и самиот Вук-Павловиќ истакнуваше дека не го направил. Станува збор за етиката како систематска философска дисциплина. Според зборовите на самиот професор, тој не сметаше дека е нужно да ги развие сите делови на системот, мислејќи дека со доследната разработка на секое прашање се добива догматски резултат, кој пречи на натамошното продлабочување на отворените потенцијали на некој поглед на светот. Токму така и кажуваше – дека дал доволно теоретски основи за врз нив да може да се реконструира неговата етика. Тоа некои и се обидоа да го направат.[9]

Овој текст не се занимава со систематско изложување на етичката и аксиолошката теорија на Вук-Павловиќ. Од тој домен ќе посочиме едно важно и интересно литературно наследство од Вук-Павловиќ, коешто е помалку познато. Станува збор за неговата философска поезија, односно за трите збирки стихотворби, кои професорот ги напиша во тешките мигови од својот живот, со цел да ги надмине негативните околности и да ги отвори перспективите на духовната иднина.

Две од тие стихозбирки тој ги објави како свое издание во Скопје во 1964 година (со класичен издавачки стил, сообразен за книги на философски сонети), а третата, пак, како свое лично издание, во Загреб во 1976 година, неколку месеци пред заминувањето од животот. Првите две збирки ги носат имињата „Повик" и „Урнатини", третата авторот ја нарече „Растревожени стихови".

---

[9] Професорката д-р Марија Брида, предана ученичка на Вук-Павловиќ, напиша текст *Etički problem u filosofiji Pavla Vuk-Pavlovića*, Prilozi za istraživanje hrvatske filozofske baštine, Zagreb, knj. 23-24 (1986, br. 1-2), стр. 3-13. За ставот на Вук-Павловиќ во однос на неговата етика зборував на собирот во Загреб по повод десетгодишнината од неговата смрт во 1986 година, види K. Temkov, *Etički pogledi Pavla Vuk-Pavlovića*, Prilozi za istraživanje hrvatske filozofske baštine, Zagreb, knj. 25-26 (1987, br. 1-2), стр. 119-125, односно во одделот *Универзална философска етика* (Етичките погледи на Павао Вук-Павловиќ) во мојата книга *Етиката денес*, Скопје, Епоха, 1999, стр. 110-122, или во статијата *Павао Вук-Павловиќ* – Љубов и создавање, „Старт", Скопје, 16 мај 2003 (серија *Етичари*).

Тука станува збор за философска лирика, за стихувани мисли, кои возбудуваат со својата длабочина, а не со формата и со римата, со кои ним би требало да им се обезбеди валидност со допаѓање или со други вешти средства на естетската доживелица. Впрочем, мнозина големи философи своите сознанија и пораки ги искажувале и поетски. Самиот Вук-Павловиќ ја сметаше философијата за особена духовна дејност – некаде во просторот помеѓу науката и уметноста, на којашто научните методи на сознавањето не ѝ пречат да се служи со поетската експресија. Затоа заслужува да се претстават ѝ испитаат идеите од овие три збирки, во кои доминира етичката и аксиолошката проблематика.

## „ПОВИК“

Збирката „Повик“ е прекрасна книга на сонети, составена од сто и единаест „речи“.[10] Настаната е во текот на Втората светска војна, како што вели авторот, „во екот на безумните ѕверства, што суштеството наречено човек, оглушувајќи се на повикот на добрите барања на човештвото, не се стеснувало ниту срамело да ги направи“.

Етичката, дури етичко-воспитната намера на збирката е јасно поставена, не само со оваа воведна белешка на авторот, туку и со посветата на синот Станимир и со структурата на книгата, која го следи интересното антрополошко-етичко сознание на Вук-Павловиќ за четирите вида-степени на човекувањето: човеколикост, очовеченост, човечност, човек.[11]

Појдовната порака е дека трагичноста на животот и на човечките односи бара да се отворат очите. Но, песимизмот на реалистот не е придружен со празнината на отфрлањето на светот. „Светот сиот свети“,

---

[10] Pavao Vuk-Pavlović, *Zov*, Skopje MCMLXIV.

[11] Коренот на оваа значајна концепција треба да се побара во педагошкиот труд *Uzgoj, odgoj i obrazovanje* (1939), спор. P. Vuk-Pavlović, *Filozofija odgoja*, Zagreb, Hrvatska sveučilišna naklada, 1996, стр. 263-283.

истакнува Вук-Павловиќ во првиот стих (реч 1).[12] Истовремено е значајно тоа што најосновно за живеењето е континуитетот на генерациите, зашто човекот е „член на вечната низа" (реч 2). Врз овие духовни основи настануваат и растат сознанијата, пораките и поуките на оваа исклучителна книга.

Првиот дел е насловен „На времињата". Во четири сонети авторот му се обраќа на вечниот живот, со молитва неговиот труд да го воздигне до сознавање на неговата сушност. Дали животот е вреден да се живее, „или можеби вреди да се живее, / за живеејќи да можеш да сознаеш, / дека животот како живот не е вреден?" (реч 4) Така е откриена хуманата сушност на ова творечко настојување: „По вековите векови се нижат: / кој знае да гледа, секогаш има иста слика; / кој знае да слуша, секогаш ист викот слуша; / секогаш грижите човечки се нижат" (реч 5). Животот е преполн со болки и страдања, со јаnѕи и умирања. Трагедијата на вечната мена на генерациите е дополнета со етичкото сознание: „Од ден во ден се натрупува знаење / и се откриваат многу скриени тајни, / а сѐ помалку и помалку во срцата / има благост на вистинскиот дух" (реч 6).

По воведниве пеења, следува првиот дел посветен на страшната реалност на *човеколикосӣа*. Имено, човекот не е само суштество на прогресот, туку и на десценденцијата, на назадувањето и пропаѓањето. Иако личи на човекот, можно е човеколикиот да нема вистински квалитети, а вредностите да не му се хумани. Тој „на вистинскиот човек ќе му застане на вратот, ќе го гмечи, ...и насила „човек" ќе се нарекува" (реч 7). Тој е изрод, изроден, а не роден. Меѓутоа, не може лесно да се препознае, зашто „ја носи најизмамничката маска - ликот човечки" (реч 9). Тој ѕвер е мошне опасен за човекот, подмолен и никој не знае од него да се одбрани, а тоа треба обврзно да се прави, зашто по „неговата стапка крвта роси". Неговите вредности се извртени, пред сѐ изразуваат морална недоследност и зли намери: „Наложува верност, а самиот секому му

[12] Сонетите од збирките „Повик" и „Урнатини" не се препеани досега на македонски јазик, така што нивниот превод во овој текст повеќе ќе има дискурзивен карактер.

служи / и со своето суштество ја предава верата, / тој е грозна закана на светот кој род му е на доброто“ (реч 9), или тој „сета туѓа вредност самосвесно ја руши“ (реч 12). Тој *наречичовек* (реч 15) е главен пандур за силеџиството (реч 17). Неговата „сета цел е сласта; / а сакат е во страста, / за душата, за духот слеп – сиот земен е!“ (реч 18).

Овој, кој „човек е и, пак, човек не е“ (реч 26), е садист. Вредностите и нормите на оваа, како што системски ја нарекува Вук-Павловиќ, *етика на злото* се катастрофални за сѐ што е човечко. „И како на душата часот да ѝ застанал, / кога слобода бара, тука е – катаклизма; / кроењето на убавината – естетика од кал; / повикувањето на човечко достоинство – шизма“ (реч 16). Таа „безглава моралност“ сака да ја земе туѓата среќа, служи и ползи, има подло срце, покорно гази во сѐ подлабоко ѓубре. Неговото воздигнување се реализира како искачување до нивото на крдото (реч 24). Човеколикиот, на пример, другиот го мрази поради тоа што има поинаков нос, сеедно што таа личност е добра, чесна, предана и мила (реч 11). Со својата крајна, безмилосна, неограничена егоистичност, човеколикиот ги понижува и уништува сите вредности на човештината и на општествениот живот, зашто во тој свет сите нешта се извртени:

Тука ученикот го лаже учителот;
тука учениот без верба лае;
тука свештеникот за ништо не се кае;
тука уметникот е оној кој на сите им ги мачка очите.
Тука силникот-ѕвер се храни со јадот на народот;
тука другарот криво му мери на другарот;
тука прељубниците бараат шанса за блуд;
тука службеникот живее од измама;
тука мајката клетва испраќа на детето,
и детето не знае што е мајка,
и судијата му дава за право на виновникот,
и така натаму и натаму – а каде да се застане...? (реч 27)

На тој скот, „што само личи на луѓето“, кој уништува со војна, кој коле, кој го простува злото сторено во верскиот храм - Вук-Павловиќ му упатува предизвик од спротивната етичка позиција, од антиегоистичкиот, антирепресивен, ахимсички, сочувствен морален став: *Од гонителот, секогаш подобар е прогонетиот!* [13] (реч 25).

Во следниот дел на книгата „Повик“ се расправа за *очовечениот*. Тоа суштество е малку подобро од ѕверот во форма на човекот, но уште не е блиску до вистинската човечност. Тоа само ги насетува моралните доблести, има слабости, со молитвите ги замолчува клетвите, „духовноста ја усвојува не очекувајќи жетва“ (реч 29). За него Вук-Павловиќ дава ваков опис: „Обожаваш моќ. Ја уриваш добрата состојба, / што сакаш да те крене над темните желби, / небаре туѓото спокојство ти служи / ближните да ги гониш сè до истребување“ (реч 30). Станува збор за бунило и за низа измами, каде што се ветува сè, „а по земјата оди страв и брза беда“. Вредносните негативности се составен дел на оваа антрополошка позиција: во навидум стремежот кон вистинољубивоста се гази секој човечки обѕир, шармантноста служи за плитко мамење, лесно и со оправдување се кажува лага (реч 34), за сонуваната удобност ѝ се плаќа на силата што ја овозможува, секој позитивен чекор е придружен со разорена материја, со нови јанѕи, со нови зла, со новосоздадени грижи за она што живее (реч 35). Вук-Павловиќ вака директно му се обраќа на очовечениот:

Знаењето вешто си го подложил на моќта.
Само уште со силите на природата се занимаваш.
Подложно ѝ служиш на пронајдената машина.
А со погледот на срцето нурнуваш во ноќта
и сè подлабоко проникнуваш во стравот,
за кој не знаеш кога ќе мине.

---

[13] Ист став, неверсифициран, Павао Вук-Павловиќ го истакнува како мото на неговата книга *Учењето на Спиноза* (1938), стр. 7: „Прогонетите се секогаш подобри од гонителите“.

Се радуваш на несвесната слепота,
што успеа сиот да те зафати (реч 36).

Оваа состојба Вук-Павловиќ ја означува како *глумење на добродетелта* и цутење на порокот (реч 34). Целта е да се освои светот, слободата на браќата се става под своја сила, се негира човечкиот труд и се прави апотеоза на бедотијата. Резултатот е – „сам себеси си отуѓен". Вук-Павловиќ му пишува на таквиот очовечен: „Сѐ има твојата власт – сѐ, само те нема тебе. Туѓ на себеси, по својот свет се движиш туѓ на сенешто" (реч 37). Вук-Павловиќ не знае дали него да го жали или да го презира, дали да плаче над него или да се смее. Тој „човек е и не е", таквиот, „нанесувајќи страдање, самиот од патилата страда" (реч 38), како „слепец слепо ги следи другите слепци" (реч 42), кон „моќните оди, па душата си ја продава / за суетните желби, лажни ветувања: / целта останува надеж пуста" (реч 51).

Човеколикиот и очовечениот мислат дека човекот е лудо животно (реч 28). Не е така, философот на добрината и љубовта им порачува на изместените: „Среќата е тајна на добрите" (реч 51). Затоа философот *патот свој трпеливо го следи* (реч 43). Тој ги кажува зборовите што треба да се знаат: „Опстанокот земски, за да нема лаги, / не е ни добар ни зол. / Тој ќе биде таков, каков што ти со ближните го градиш" (реч 42). Сепак, бидејќи очовечениот е еден степен повисоко одошто човеколикиот, философот му испраќа етичко-вредносна порака на опредметениот, на тој зашеметен:

Исчисти ја обвивката, но јадрото не го сквернави!
Разгрни го покриениот пламен на вистината.
За низ нагонскиот вриеж да се пробиеш,
разгори го освестувањето на личната срцевина.
Немој да постанеш на повидокот на својот повик!
Во смислата околу која кружи твоето битие,
побарај си рамнотежа на својот живот

и не му давај на ѕверот да ти ги валка патеките.
Секој чекор кон себе нека ти е мил:
и ако дивата волја не те владее, туку служи,
може да те издигне до прагот на спасението. (реч 48)

Патот е тежок и величествен: простување, полнота, преобразба (реч 53). Вистинската цел и етичкото достигање се: невидливите дворци на посветеноста, слободата, честа, човештината (реч 52).

Наспроти тријадичната дијалектика на замислената реалност, Вук-Павловиќ го воздигнува квадривиумот на идеалитет на сеопштото сознајно зафаќање. Затоа во педагогијата тој разликува четири вида едукација: воздигнување, воспитување, обучување и образование.[14] Етичко-антрополошката дистинкција, пак, на третото место ја поставува *човечноста*, сфатена како сознание и реализација на човечките вредности, но и како ограничување на сеопштата духовна преданост. Во овој дел на збирката „Повик" се прикажува разграничувањето во совршенството. Најважната порака на Вук-Павловиќ е дека „уживањето на мудриот никогаш не е вртеж од гадости!" (реч 70)

Суштината е дека „сè живее – додека смртта вистински ги обликува животите, што ги придружува како сенка" (реч 67). Но, не треба да се надживее смртта на своите соништа (реч 56). И кон вистината треба да се приклониш „чист од страсното зло", зашто, поинаку, ќе се оглушиш на нејзиниот радосен глас (реч 59). Треба да се разбијат прангите на нискоста, иако е тешко, зашто тоа бара постојано буден дух, вложување на срцето, насмевка, кротко сочувствување (реч 61). Философот ќе каже дека „живеењето стига до полнота – таму каде што вредноста не е одек на простата желба", каде што во пристанот впловуваат „бродовите на добрината", каде што владее мирот на духовната чистота (реч 62). Станува збор за вистинското чувство на слобода и за нужниот придонес

---

[14] Види во споменатото дело *Uzgoj, odgoj i obrazovanje*, in: Pavao Vuk-Pavlović, *Filozofija odgoja*, op. cit., стр. 263-283.

на одговорноста. За контроверзата меѓу слободата и љубовта Вук-Павловиќ луто ќе одговори: „Зар на љубовта ѝ е туѓ патот на слободата? / Зар делото на љубовта лежи во прангите?... / Зар слободата не е водена од љубовта? / Би го дочекал ли изгрејот на духот на темнината, / ако едната на другата тие не си се сестри?“ (реч 73) Станува збор за прашањето дали човечките намери и знаење ќе му бидат пречка на сето живо или негов благослов. Етичкото предупредување на Вук-Павловиќ е јасно: „Секое твое дело е средба со сета вселена; / не биди тогаш закана за хармонијата на светот: / пред вечноста си одговорен за сè!“ Најважно е да се живее така што да се стигне до правото на надежта дека „когатогаш спасот на сите ќе никне од твоето суштествување“ (реч 75). Можностите за исправно дејствување се малечки, каузалитетот на живеењето и на страдањата е во голема несразмера, но и „покрај сета горчливост, се вивнува и радоста, / покрај многу темница, сепак свети и светлината“ (реч 66).

Во овој дел на збирката „Повик“ е објавена и песната на Вук-Павловиќ во која се сместени неговите философски и космолошки погледи:

Во недрата на реалноста никнуваат светови,
многубројни гранки на живо стебло;
нивните патеки и талкања се магливи
како иссонувани сништа.
Ни најсмелите летнувања на духот
не го дофаќаат нивното суштество и сознание,
освен оној еден, во кој се вплетени нашите ткаења,
оној единствен, во кого што ни е вложена свеста.
Својот го живееме, а другите[15] одвај ги знаеме,

---

[15] Овој сонет Вук-Павловиќ го објави и како завршен збор на есејот *Философиите и световите*, in P. Vuk-Pavlović, *O smislu filosofije*, Zagreb, Institut za filozofiju Sveučilišta u Zagrebu - Školska knjiga, 1969, стр. 38. Тука, во означениот ред, е ставено „туѓите“ наместо „другите“, како што стои во збирката „Повик“. Овој сонет не е објавен при првото издание на овој голем есеј во Зборникот на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. 14, 1962, стр. 5-26, но таму не е објавен ниту последниот дел од студијата, којшто е придодаден при подоцнежното објавување во Загреб (в. стр. 32-38).

па, какви што сме, чувствителни или груби,
така се разбираме и себеси и ликот на светот свој.
Кој би можел да ја види сереалноста на световите,
разумот би му останал нем. Тоа можеби може да го
опфати само душата, што сета љуби. (реч 77)

Овие стихови се рамни на философско-поетското дело на Лао Це или на сонетите на Џордано Бруно. Таа сеопшта, универзална љубов како крајна смисла на човечкото живеење е основа на четвртиот дел на збирката „Повик", посветен на вистинскиот *човек*. Клучот за разбирањето е изразен со оваа поука: „Од сите приказни најубаво се слуша, / таму каде што љубовта со љубов се искажува" (реч 85). Позитивната космичка состојба е музика на самата своја душа. (реч 86)

Вук-Павловиќ посочува дека највиша вредност е љубов за самата љубов. Смислата на животот не е неговото траење, „неговот век". Пред смислата „тегобностите се дробничавост", но секако мора да се знае дека „смислата на смислата не е нејзино негирање" (реч 93). Основниот моралитет е дека „ништо, апсолутно ништо не е твое!" (реч 106) Ова и сличните сознанија се „живи извори на творечките насетувања", она што е „зрел молк според сознанието од љубовта" (реч 110). Целта на животот е „да те зафати длабок копнеж / кон живата реалност на душата во полнота" (реч 111).

Условот за вистински човечки дејства, според Вук-Павловиќ, е да се *нема страв*, зашто токму стравот ни наметнува дека сѐ е „шепот на смртта" (реч 108), додека основното сознание, пак, е дека „смислата на човечките животи се крие во нивните смрти" (реч 96). Оттаму доаѓа и емоционално-рационалната поука на Вук-Павловиќ: „Крени се, додека плачеш, во состојба / на побожна согледба, низ патилото на јадот што скротува, / со смислата на вечноста слеј се со добрината, / со скромноста впиј доверба" (реч 108). Методот е сличен на великите идеи на Блез Паскал или на новата етика на солидарноста:

О срце, ти што ја љубиш самата љубов,
што на сето самољубие му викаш: „умри!"
и последната уште сакаш да ја пробаш чамотија,
горејќи во жртвениот оган
да го втопиш сето сопство во братското „ние". (реч 88)

*Етичката цел* поставена од Вук-Павловиќ гласи: „Над себеси нека се крене суштеството човечко, ако сака подобрување" (реч 92). За тоа Вук-Павловиќ напиша и фантастичен нормативен вредносен исказ:

...Насред злото ти *над злото крени се*!
Едно се брани: *не го уништувај живото*!
Едно е патот: *согледувај го човештвото во целина*!
Едно е правдина: *љуби го светот и создавај!*[16] (реч 99)

Така може да се види дека збирката сонети „Повик" е едно примарно етичко-аксиолошко дело. Таква е и втората збирка философски сонети на Вук-Павловиќ „Урнатини".

## „УРНАТИНИ"

Збирката сонети „Урнатини"[17] е настаната по повод тажниот Скопски земјотрес во 1963 године. Павао Вук-Павловиќ тогаш беше шеф на Катедрата (Институт) за филозофија на Филозофскиот факултет, а токму земјотресот го урна семинарот за философија и уништи голем дел од богатата библиотека на Катедрата (во семинарот за философија

[16] За овој избор на најзначајните норми за етичко живеење, спореди ги последните пораки на Вук-Павловиќ како наставник на последното предавање во мај 1971 година до студентите по философија во Скопје: НЕ УНИШТУВАЈТЕ ГО ЖИВОТОТ И СОЗДАВАЈТЕ ЉУБЕЈЌИ! - в. K. Temkov, *Etički pogledi Pavla Vuk-Pavlovića*, op. cit., str. 124, или: К. Темков, *Етиката денес*, цит. дело, стр. 122.

[17] Pavao Vuk-Pavlović, *Razvaline*, Skopski soneti, Skopje MCMLXIV.

тогаш беа одржувани неделните јавни програми на Естетичката лабораторија, што ги водеше професорот Вук-Павловиќ). Тие страдања Вук-Павловиќ тешко ги доживеа, сесрдно ангажирајќи се да спаси сè што може и одново да ја организира универзитетската работа. Овие 33 песни, инспирирани од уривачката сила, авторот ги нарече „Скопски сонети".

Песните на Вук-Павловиќ не се само философски екскурси. Тие имаат и големи литературни вредности. Тие се израз на вкупната доживелица на авторот. Во книгата „Повик" тагата на страдањето е исполнета со етички сарказам и со волја за живеење, во книгата „Урнатини" пеењето е потажно и лично попотресно. Во оваа збирка, исто така, етичко-аксиолошките сознанија не се доминантно антрополошки, туку философско-историски.

Основната поука на оваа трогателна книга е изразена со регистрирањето на реалноста и со философското обопштување:

Се сретнале различни настани,
го врзале во јазол создавањето со уништувањето
предизвикувајуќи паѓање и воздигнување...
Во раѓањето е вгнездено умирање...
Тоа тече според двојна следа:
смртта се повлекува пред сесилата на животот
и животот сиот е подложен на смртта. (сонет 1)

Но, мора да бидеме свесни дека „кај-годе да се движи животот, за тоа животот молчи" (сонет 3). Исто такво е и сознанието за судбината: „На меѓата од нужда и слободни стремежи / судбата ја преде нишката на земските настани" (сонет 2). Во сознанието за случувањата се преплетуваат реалности и трагичната оценка: „Опстојбата наша е небаре гола пена; / само што ќе се јави на денот, се расплинува, / и колку-годе со неа биле вознесени, / ќе го завршиме векот како урнатини" (сонет 18). Се разбира, книгата инспирирана од вистинските страдања е исполнета со согледби на судбата: „Никаде нема здобиено траење. / Каде што е благосостојбата – таму има и грабање" (сонет 9).

Меѓутоа, етиката на Вук-Павловиќ не е предавање, туку препознавање, не резигнација, туку воздигнување: „Не жали по прекинот на судбинскиот развиток, / нека не те плаши сенката на урнатините; / за смртта не обвинувај го животот на мигот: / доаѓа ноќта, но има и мугри" (сонет 25).

Целта на животот и во „Урнатините" е опеана со онаа иста страст на етиката на создавањето и на личниот напор, со истата педагошка позиција и позитивно свртување кон другиот, како и во збирката „Повик":

Ќе живее истата љубов, надежта твоја,
ќе придоаѓа слична младост како твојата,
ќе создава низ неспокој со ист копнеж.
Кај идните посакувај ја својата радост,
па, додека испотен ја градиш опстојбата,
ќе ја сетиш прелеста на нивниот живот. (сонет 25)

Вук-Павловиќ ја утврдува заемноста на етичкото дејствување на човекот со секоја друга личност и со севкупниот живот: „Твојот живот го допира живеењето на сенешто / и делува врз него како и туѓиот врз тебе; / насекаде се проникнуваат ранувањето и негата" (сонет 27). Всушност, философското сознание зборува за минливоста на животот, но не како за живеење на сенки, туку на реални личности: „Ние минуваме - пее Вук-Павловиќ – не заради спомени; / ние минуваме, не заради куса слава; / ние минуваме, не заради измолклива јава. / Ние минуваме, за трагата да ни влезе / во вечното срце на вистинската реалност. / Ние минуваме реални, не како сенки" (сонет 28).

Која е конечната тајна на животот и суштината на човечкото постоење? Тоа е *љубовта*. „Љубовта му ја определува мерата на секое суштество" (сонет 29).

Бидејќи овдека настапува и како философ на историјата, Вук-Павловиќ пее директно, сведувајќи ги сметките за вистинските сили на живеењето и на движењето: „Ако се задлабочам во историјата на светот, / со

силен напор гледам завист во раната. / Среќата е таму каде што одекот шепоти: Љубам!“ (сонет 24)

Двете збирки на философски сонети на Вук-Павловиќ, настанати во период од дваесет години, но објавени истовремено во Скопје, имаат нужна фина разлика во епохалниот предизвик и во личната зрелост на авторот. Но, тие изразуваат ист вредносен систем и иста етика.

## „РАСТРЕВОЖЕНИ СТИХОВИ“

Збирката од дистиси „Растревожени стихови“[18] Вук-Павловиќ је објави во летото 1976 година, во последните месеци од својот живот. Ја посвети на „милото внуче Иван - за занимавка, кога еднаш ќе порасне и ќе научи да чита помеѓу редовите“. Се разбира, философот на човечкиот континуитет и со ова вгради камен во изградбата на семејството. Но, духовит, какав што беше, се пошегува со укажувањето дека треба да се чита помеѓу редовите во овие песнички, кои критичкиот став го искажуваат директно со сатиричност, со човечност и благ хумор. Тука се на удар човечките мани, моралните норми и предрасудите, заблудите и лошите вредности. Меѓутоа, истовремено, Вук-Павловиќ срдечно зборува за важните нешта на разбирањето на светот, на човечките релации, на етиката, на творештвото и, особено, на педагогијата. Впрочем, Вук-Павловиќ самиот посочува каков е неговиот вистински став: „На читателот стихот му се дава / да размислува, не да куди“ (1). Но, секој треба да знае да ја прими критиката, која е позитивно нешто: „Кога писателот ти се смее, / токму тогаш земи го за другар“ (11).

Целата збирка содржи 555 дистиси (само неколку од песничките се катрени), строго римувани. Тие творби ретко се надоврзуваат едната на другата, иако има и такви, како овие две самокритични, на почетокот: „Дури и стиховите помалку точни / можат сепак да бидат сочни“ – „Стиховите и помалку сочни / можат сепак да бидат точни“ (4, 5).

---

[18] Pavao Vuk-Pavlović, *Usplahireni stihovi*, Zagreb MCMLXXVI.

За каква сочност и точност, за каква естетика и етика станува збор во збирката „Растревожени стихови", најнапред кажуваат неколку стихови за моралот: „Нечесноста благо ја суди, / оној кој чесноста своја ја нуди" (21), или: „Кому душата му е дрска, / благородноста му е мрска" (59). Точната димензија на моралниот однос на злото и доброто ја опишуваат стиховите: „Кога на злоста ѝ даваш предност, / што вреди ако се каеш?" (114), или: „Јазикот што радо се свиткува, / лесно може да убива" (128). Во моралот станува збор за дело, па има и последици. За оние кои за тоа не водат сметка, Вук-Павловиќ вели: „Немаш сметка за последицата, / затоа лошото дело ти е ситница" (143).

Моралната позиција е резултат на човековата определба: „Дали животот е добар, зол, / секогаш нему човекот белег му дал" (528). Дури и вредноста на техниката е определена од човечкото однесување: „Машината е добра, човекот зол, / па и машината почнала да прави зло" (357). Вук-Павловиќ особено го загрижува неразумноста на однесувањето: „Зошто ближниот му се заканува на ближниот, / кога еднакво сите ќе умреме?" (213). Всушност, големо е влијанието на социјалните односи врз вредносната содржина и морална структура: „Каде добрите се понижени, / таму џганот се цени" (148). Истата смисла го има и моралното предупредување: „Безначајноста има голема сласт, / ако зад неа стои власт!" (63), или: „Кој дошол до власта, / не сонува за туѓата чест" (273). Напоредно со моралната, Вук-Павловиќ дава и жестока социјална критика: „На народот му се дели надеж, / за да му се замагли товарот на трудот" (58). Морални се и изворите на социјалните неволји: „Подобро омразен провалник / отколку дрзок поткажувач" (220), се изјаснува Вук-Павловиќ.

Тоа се однесува и на сознанието кое нема етичка вредност: „Учeноста што се клања на злото / – полош кошмар, од незнаењето" (323). Слично е и: „Каде што знаењето е без човештина, /повеќе знае оној што знае помалку" (496) или: „Сета наука е залудна, / каде чесноста не е будна" (539).

Добрата целина на животот бара морална личност и одговорност: „Меч над секое суштество виси. / Кој е виновен за тоа? И ти си!“ (292), укажува Вук-Павловиќ. Тој предупредува дека „лудоста човек може понекогаш и да ја совлада, / но бесрамноста нема никогаш“ (520). Всушност, станува збор за лошото знаење и за негативните претпоставки на заробеноста од злото. Вук-Павловиќ поучно говори: „Кој ја познава душата, не би мразел; / омразата е веќе казна за себе“ (412). Меѓутоа, и други околности го валкаат човековиот живот: „Што ќе му род и вера на оној / кого тие во зло го тераат?!“ (229) И животот гради лоши состојби: „Нечесниот ја брани моралноста, / па пред добриот има предност“ (178).

Судбината на етиката е определена со суптилниот однос меѓу сознанието и вредните морални цели. Во еден од најкритичките дистиси, Вук-Павловиќ предупредува: „Идат, идат пророците, / не се плашат пороците!“ (253)

Излезот од негативностите Вук-Павловиќ го наоѓа во низа решенија кои ќе ја поттикнуваат личноста на етичко дејствување. Со рационалитет на етичар, тој проговара: „Денот вели кога ќе излезе јасно: / Свести се, не е доцна!“ (37) На тој пат: „За дејствувањето најди вистинска мера, / за насоката на животот вистинска вера“ (384). Ако некој не знае шта треба да прави, или критикува барајќи решение вон од своите сили, Вук-Павловиќ му префрлува: „Нема, велиш, идеал. / А има ли зло и кал?“ (48) Сличен прекор е и овој: „Прашуваш насекаде каде е вредноста, / а ја бараш зад оградата“ (135). Моралните поуки за правилниот пат се базираат врз ставот: „Најкорисно е да се знае / како злото од себе да го измиеш“ (153). Притоа Вук-Павловиќ советува: „Ако некаде ја загубиш верата, / не отфрлувај ја со неа и мерата“ (358). Уште поексплицитно се укажува на нужноста за напуштање на лошото дејствување: „Сништата на добрите сите ги знаат, / тие сите значат: тргај се од злото!“ (388)

Философскиот професионалац и посветеник проговара од професорот кога вели: „Ако вистински живот бираш, / слободно философираш“ (75).

Вук-Павловиќ го истакнува значењето на доброто за општиот прогрес. Исто така, самото добро е неуништливо како човечка состојба: „Какви пранги злото и да му става, / доброто постојано се обновува" (506). Невозможно е конкретно да се определи во еден дистих што е добро, но и во таа куса форма може нешто важно да се каже за неговата суштина: „Вишното добро нема дно, / затоа свети во дното на суштеството" (478).

Од основно значење е квалитетот на вредноста. Таа не е насилна, туку привлекува по себе: „Што е повисока вредноста, / нејзината привлечност е потивка" (436). А неа ја сакаат и почитуваат добрите луѓе: „Вредноста никого не го присилува, / затоа на добрите им е мила" (546).

Што е повредно – да се има или да се биде, тоа е современа тема. Нашиот филозоф на тоа одговара со поинакво посочување: „Не значи ништо што човекот има; / вреди само она што се дава!" (553)

Меѓутоа, ако душата е стисната и не дава, Вук-Павловиќ ќе каже: „Помила ми е неукоста со топло срце / одошто науката на скржавецот" (259).

Добрината е задача на личноста: „Најсебично треба да се трудиш: / заради себе добар биди!" (446) За Вук-Павловиќ носителите на добрината се исклучителни личности: „Од скромниот лик свети убавината, / секаде каде што е одраз на добрината" (155). Сепак, еден воздржан став спрема борците за добрината не му е туѓ некому кој ги запознал многубројните воинствени искуства на XX век, па философот ќе рече: „И за доброто кој се бори, / дава повод да се кори" (289). Но, нема никаква суспектност спрема доброто: „Сите зборови на светецот / ја величаат добрината" (317). Всушност, вистинската човекова цел е своевидна лична реконструкција и воздигнување: „Ако во своето битие се кренеш, / нема од никого да бидеш понизок" (265). Клучната морална поука е свртена кон личноста: „Ако сакаш да здобиеш блаженство, / биди самиот од себе поголем" (319).

Во етиката, како и во целата философија на Павао Вук-Павловиќ, незаобиколна тема е *љубовта*. Така и во оваа збирка на поуки и пораки

има неколку вонредно убави укажувања за нејзиното значење за животот и за страдањата во него: „Каде што покрај нив се крепи љубовта, / и урнатините се цели“ (177). За етиката тоа е уште поточно: „Каде што љубовта дише со својот здив, / човечкиот ѕвер потивко ’ржи“ (303). Љубовта поттикнува на творештво: „Љубовта, како и создавањето, / потсетува на горење“ (382). Нејзината смисла е и во етичката самоконтрола: „Љубовта, колку што е посилна, / подлабока, толку е и поскромна“ (118). Инаку, љубовта е извор на највишите вредности и во однесувањето и во доживувањето на светот: „Каде што смислата е љубовта, / таму е сето човечко достоинство“ (456).

Етиката на животната рамнотежа, според Вук-Павловиќ, личи на индиската карма: „Секој своето семе го побрал: / лошиот зло, а добриот добро“ (417).

Инаку, во збирката „Растревожени стихови“ може да се сретне и еден ироничен став за градацијата на вредноста на самиот свет, како и за условите за неговото подобрување или за апсолутната вредност: „Светот најдобар би бил, / кога човекот тука не би живеел“ (510).

Конечно, со еден од катрените Вук-Павловиќ сатирички го оценува светот и етиката во него: „На измамникот, крадецот, развратницата / светот овој може да им се чини најдобар; / на чесниот умот му зборува: / среќа, што тој не е полош“ (443).

* * *

Така, хрватскиот и македонски философ Павао Вук-Павловиќ со стиховите им се обрати на своите современици и на идните поколенија, за да им ги изнесе своите сознанија за животните вредности и за значењето, смислата, содржината и формата на етиката.

Овие стихови се философски искажувања, се разбира во една попрегнантна и понепосредна, алузивна и аналогична форма. Во збирката „Повик“ Вук-Павловиќ дава прекрасна слика за степените на човечноста, која не е прашање на органскиот развиток, туку на етичкиот став

и на однесувањето. Во збирката „Урнатини“ зборува за човечките страдања и надежи, за човековото паѓање и воздигнување. „Растревожените стихови“ потсетуваат на сеопштата конвулзија на човековиот живот, при што смирувањето единствено произлегува од љубовта и етичноста.

Поради тоа, ове три книги поезија треба да се земаат како прилог кон севкупноста на философското дело и филозофскиот систем на Вук-Павловиќ. Нивните стихови и поуки не отскокнуваат, туку понекаде и ги прошируваат неговите сознанија за различните прашања, особено за етичките и вредносните. Тука поетската реч на Павао Вук-Павловиќ на мајсторски начин ја има искажано неговата загриженост за етичките проблеми на светот и за силата на етичкото воздигнување, со коешто светот ќе се одбрани од злите нешта, од оние кои го одбираат негативното наместо позитивното и го наметнуваат злото наместо доброто.

(Рецензент: *Доц. д-р Олга Пешевска-Заревска*)

***Клучни зборови:*** *етика, философска поезија, добро, љубов.*

**SUMMARY**

Kiril TEMKOV

**ETHICAL AND AXIOLOGICAL IDEAS IN THE PHILOSOPHICAL POETRY OF PAVAO VUK-PAVLOVIĆ**

Professor Dr Pavao Vuk-Pavlović (1894-1976) has given a big tribute to our philosophy and culture. He has developed a complete philosophical system, in which the principle and entity of thinking are implemented in all fields. Vuk-Pavlović is one of the rare thinkers with such quality and achievements in South-Eastern Europe. He was a professor in Ethics, Aesthetics and History of Philosophy and Head of the Institute of Philosophy at the Faculty of Philosophy in Skopje, from 1958 to 1971. There he established The Aesthetic Laboratory. Generations of students at the Universities in Zagreb and Skopje, many philosophical researchers and pedagogists in Croatia and Macedonia consider Vuk-Pavlović as their true teacher in a spiritual and human sense.

Among the many works in the fields of aesthetics, culturology, pedagogy and philosophy of politics, he wrote and published firstly in the Annual of the Faculty of Philosophy in Skopje, and also in other publications in Skopje, Vuk-Pavlović published also 2 books of philosophical sonnets: “A Call” (*Zov*) and “Ruins” (*Razvaline*) in 1964. The first book of philosophical lyrics correlates to the World War II. It talks about the sense of beingness, whose characteristics are goodness and love - which is specially important towards the bad human’ intentions and acts. The second book is inspired of the Skopje’s earthquake from 1963 and it is subtitled “The Skopje’s sonnets”. In one philosophical-hystorical perspective, the professor pointed how the destiny’s difficulties can be overcomed by the life-strength, confidence and collaboration. In the third collection “Disturbed Verses” (*Usplahireni stihovi*), published in 1976, the author with wisdom and irony talks about many questions about relations between the people.

The three collections of philosophical poetry bring out the authentic views of Vuk-Pavlović. They represents a supplementation of his discursive philosophical works, specially for ethical and axiological problems.